CRPM Center for Research and Policy Making ...policy impact since 2004
Institutul pentru Politici Publice Bucureşti
CENTER FOR ECONOMIC DEVELOPMENT
VÚPSV
IRMO

# Прилагодување на индустриските односи кон новите облици на работа

Овој проект е финансиран од Европската Унија.

## Наоди од теренското истражување во рамки на проектот

**Дали би прифатиле работа во некој од новите облици на вработување? (%)**




- Повеќе од 69 % од вработените лица во Република Македонија не го менуваат своето работно место, додека 7.6 % се изјасниле дека често или многу често го прават тоа.
- Околу 66 % од граѓаните никогаш немаат работено на начин поинаков од стандардното вработување.
- 42.5 % од граѓаните би барале работа во некој од новите облици на вработување за да добијат работно искуство, додека повеќе од 30 % велат дека би прифатиле нов начин на вработување за да го зголемат својот приход.

Колку често работите во просториите на работодавачот / сопствен бизнис ? (%)




- Речиси 57 % од вработените лица немаат никогаш работено од дома, а речиси 58 % никогаш немаат работено во просториите на клиентот. Македонскиот работник најчесто работи во просториите на работодавачот, само 4.6 % одговориле дека секој ден работат од јавни места (аеродроми, кафулиња, трговски центри итн.).

- Речиси 44 % од испитаниците сметаат дека со работните способности кои ги поседуваат можат да се справат и со потешки работни задачи, додека 35.9 % сметаат дека нивните способности се соодветни на работните обврски кои ги имаат на работното место. Повеќе од 11.5 % сметаат дека им се потребни дополнителни обуки за да се справат со своите обврски.

## Кои способности сметате дека ви се потребни за да најдете добра работа?




## Дали користите некои од следните помагала во работата?

41% — Повеќе од 41 % од вработените лица користат преносен компјутер во својата работа.

61% — Повеќе од 61 % од работниците во својата работа користат десктоп компјутер.

23% — Повеќе од 23 % од работниците во својата работа користат таблет.

61% — Во својата работа 61 % од работниците користат апликации за паметен телефон.

72% — Во својата работа најголем дел од работниците, речиси 72,8 % користат интернет во својата работа.

## Дали сте член на професионално здружение или синдикат?

Дури 74 % од вработените лица кои беа дел од истражувањето не се зачленети во ниту еден синдикат или професионално здружение.

Зошто не сте член на ниедно здружение?

- 14.39 % немаат доволно информации, а за 13 % од работниците тоа претставува трошок.
- 26.41% не се заинтересирани.
- 20% велат дека не постои здружение во нивната дејност.
- 14.5 % од вработените имаат премногу обврски.